Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги СКОПЈЕ

| Примено: 22-06-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3274 | 1 | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА Џавит ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново

3. **Датум на извршување на надзорот:** 22 јуни 2016 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка – опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор над Радиодифузното трговско друштво АРАЧИНА Џавит ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново беше извршен на 13.04.2016 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - опомена бр.03-249 од 15.04.2016 година, по спроведен редовен административен надзор над Радиодифузното трговско друштво АРАЧИНА Џавит ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново.

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Радиодифузното трговско друштво АРАЧИНА Џавит ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново ја исполни во целост обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***